Известување за концентрација со која АБЕРДЕЈН ИНФРАСТРАКЧР (ХОЛДКО) IV-Б Б.В. Амстердам, Холандија и ЃУЛЕРМАК ИНВЕСТ СП.З О.О. Варшава, Полска ќе стекнат заедничка контрола над ППП СОЛУШНС ПОЛСКА 2 СП. З О.О. Варшава, Полска
(предмет бр. 08-158/2026)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 11.11.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација **АБЕРДЕЈН ИНФРАСТРАКЧР (ХОЛДКО) IV-Б Б.В. (Aberdeen Infrastructure (Holdco) IV-B B.V.)**, приватно друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Зуидплеин 166, 1077 XV Амстердам, Холандија и **ЃУЛЕРМАК ИНВЕСТ СП.З О.О. (Gülermak Invest sp. z o.o.)**, друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште во Варшава, на ул. Гелдова 7/9, 01-211 Варшава, Полска ќе стекнат заедничка контрола над **ППП СОЛУШНС ПОЛСКА 2 СП. З О.О. (PPP Solutions Polska 2 sp. z o.o.)** Варшава, на ул. Гелдова 7/9, 01-211 Варшава, Полска.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

- **АБЕРДЕЈН ИНФРАСТРАКЧР (ХОЛДКО) IV-Б Б.В** е дел од Групацијата Абердејн. **Групацијата Абердејн** е меѓународна глобална групација за инвестиции, управување со средства и финансиски услуги;

Во Република Северна Македонија, Групацијата Абердејн нема регистрирани зависни друштва, подружници или директно комерцијално работење.

ЃУЛЕРМАК ИНВЕСТ СП.З О.О. е дел од **ГРУПАЦИЈАТА ЃУЛЕРМАК,** меѓународна договорна групација за проектирање, набавка и изградба, специјализирана за масовен транзит и транспортна инфраструктура (метроа, железници, трамваи, автопати, мостови и тунели), како и за проекти за обновлива енергија.

Главна дејност на **ЃУЛЕРМАК ИНВЕСТ СП.З О.О.** се холдинг и инвестициски активности во концесии за инфраструктура и обновлива енергија.

ГРУПАЦИЈАТА ЃУЛЕРМАК во Република Северна Македонија, има локално присуство преку регистрираната подружница на ЃУЛЕРМАК АЃИР САНАЈИ ИНШААТ ВЕ ТААХХУТ АНОНИМ ШИРКЕТИ, Анкара - Подружница во Скопје, Република Северна Македонија, која е активна како изведувач на проектот за железничка инфраструктура Коридор VIII (делница Бељаковце).

ППП СОЛУШНС ПОЛСКА 2 СП. З О.О. е друштво со посебна намена, основано исклучиво за финансирање, изградба, долгорочно одржување и управување со достапноста на проектот за трамвај „Брз трамвај Краков Фаза IV“во Градот Краков, Република Полска, кој се спроведува според модел на јавно-приватно партнерство (ЈПП (анг. PPP)).

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на

конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

13.11.2026 година
Скопје